**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
***www.mrt.com.mk***

**З А П И С Н И К**

**Од Шеесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ**
**одржана на 29.10.2026 година, во 15:30 часот, сала за состаноци во МРТ**

**Присутни членови на Шеесет и петата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Томислав Кежаровски, Ивана Ефремовски, Миле Гроздаиоски, Бурим Рамадани, Марјан Велевски, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски и Маја Седрак.***

**Други присутни на седницата*: Директор на МРТ Зоран Ристоски, Заменик директор на МРТ Џуљиан Шабани, Сања Аризанов консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот, Слободен Новески Претседател на Надзорен одбор на МРТ и Ерон Белули Заменик претседател на Надзорен одбор на МРТ.***

Шеесет и петата седница на Програмскиот совет започна во 15:30 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Шеесет и петата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2027 година:**
   - **програма за работа за 2027 година**
   - **финансиски план за 2027 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2027 година:**

- **програма за работа за 2027 година**
- **-финансиски план за 2027 година**

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, ја отвори првата точка од дневниот ред и, пред да се премине на разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2027 година, даде осврт на процесот на нејзината подготовка во изминатиот период.
Притоа, истакна дека подготовката на Годишната програма била спроведена низ темелен, инклузивен и транспарентен процес, со значително поголема вклученост на Програмскиот

совет и програмските сервиси, преку нивните одговорни уредници, како и новинарите и другите вработени кои непосредно учествувале во подготовката на програмските предлози за сервисите во кои во моментов нема именувани одговорни уредници.

Во изминатиот период, Програмскиот совет одржал повеќе седници, дискусии и непосредни средби со одговорните уредници и претставниците на програмските сервиси, а била остварена и размена на писмени предлози и забелешки. На тој начин се овозможила суштинска комуникација и размена на мислења за програмските определби, приоритетите и развојните потреби на јавниот сервис.

Претседателот особено го истакна придонесот на членовите на Програмскиот совет, кои со своите забелешки, предлози и конструктивни дискусии активно придонеле кон дополнувањето и унапредувањето на документот.

Воедно, изрази благодарност до сите одговорни уредници, како и до колегите кои учествувале во подготовката на програмските предлози за сервисите без именувани одговорни уредници, а особено и до раководството и стручните служби на МРТ за нивниот ангажман и соработка.

Како важен дел од процесот ја посочи и јавната расправа, која била спроведена во предвидениот рок од 30 дена, со јавно објавување на Предлог-програмата и можност заинтересираните граѓани и други чинители да достават свои мислења, забелешки и предлози.

Пристигнатите предлози биле разгледани на посебна седница на Програмскиот совет, при што дел од нив биле земени предвид при дополнувањето на Програмата, додека останатите можат да бидат предмет на понатамошно разгледување од страна на надлежните програмски и уреднички структури, во согласност со законските обврски, јавниот интерес, програмските приоритети и расположливите финансиски, технички и кадровски можности на МРТ.

Во таа насока, претседателот оцени дека ваквиот пристап покажува дека јавната расправа не претставува само формална законска обврска, туку и можност за отворена комуникација со јавноста и дополнително унапредување на програмските содржини.

Покрај процесот на подготовка, претседателот се осврна и на содржината на Годишната програма за 2027 година, оценувајќи дека таа претставува значаен исчекор во насока на програмско обновување и модернизација на јавниот сервис, со појасно дефинирани приоритети, нови програмски содржини и формати, како и поголем акцент на сопственото производство.

Особено го истакна предвиденото збогатување на информативната, културната, документарната, образовната, детската и музичката програма, развојот на нови домашни и меѓународни телевизиски формати, како и поголемата застапеност на содржини од јавен интерес, наменети за различни категории публика. Во однос на спортската програма, посочи дека се поставени развојни приоритети, чија реализација ќе зависи и од можностите за обезбедување соодветни права и расположливите ресурси.

Воедно, нагласи дека значајно место во Програмата имаат дигиталната трансформација, развојот на нови мултимедијални содржини и платформи, поголемата достапност на програмските содржини, како и унапредувањето на соработката со домашните и меѓународните партнери, вклучително и со Европската радиодифузна унија.

Претседателот посочи дека станува збор за амбициозни програмски определби, чија реализација ќе зависи од расположливите кадровски, технички и финансиски капацитети. Сепак, оцени дека со Програмата се поставува појасна развојна насока, со цел јавниот сервис да понуди поквалитетни, посовремени и порелевантни содржини за граѓаните.

Во продолжение, истакна дека во текот на подготовката бил направен значителен исчекор и во поглед на структурата, содржината и начинот на претставување на самата Годишна програма. Документот е посистематизиран, поусогласен и попрегледен, со појасно претставени програмски определби и активности.

Притоа, нагласи дека ова не значи дека процесот на унапредување е завршен. Напротив, посочи дека при подготовката на Годишната програма за 2028 година треба да се настојува кон воспоставување уште попрецизен и поунифициран формат, со појасно дефинирани програмски цели, планирани активности и конкретни, мерливи показатели за нивната реализација.

Претседателот особено истакна дека во Годишната програма за 2027 година веќе е предвидено воспоставување единствен систем за следење и оценување на нејзината реализација, кој се очекува во целост да профункционира во текот на годината.

Овој систем ќе опфати редовно следење на планираните програмски активности и постигнатите резултати, мерење и анализа на публиката, оценување на јавната вредност на програмските содржини, како и периодично известување за реализацијата и евентуалните отстапувања од планираното.

Како важен составен дел од овој пристап ја посочи и редовната комуникација со одговорните уредници и претставниците на програмските сервиси, вклучително и преку предвидените месечни средби, со што ќе се овозможи континуирана размена на информации и навремено согледување на резултатите и предизвиците.

Претседателот оцени дека воспоставувањето на ваквиот систем претставува значаен исчекор кон поголема отчетност, подобро програмско планирање и поефикасно следење на реализацијата на Годишната програма, во рамките на законските надлежности на Програмскиот совет и со целосно почитување на уредувачката независност.

Во своето излагање, претседателот нагласи и дека МРТ се наоѓа во важен процес на организациско и програмско преструктурирање, модернизација и постепена трансформација во современ јавен медиумски сервис.

Притоа, посочи дека овие процеси не можат да се реализираат за краток период и дека постојат објективни кадровски, технички и организациски ограничувања. Во таа насока, ја нагласи потребата да се препознае дополнителниот ангажман што во изминатиот период го вложиле членовите на Советот, раководството, уредниците, новинарите и стручните служби.

Воедно, изрази очекување дека со планираното кадровско зајакнување на МРТ ќе се создадат подобри услови и за функционирањето на стручните и административните служби, што ќе овозможи поефикасна поддршка на работата на органите и поквалитетна подготовка на ваквите документи во иднина.
Во овој контекст, претседателот посебно ѝ се заблагодари на Билјана Бабиќ, член на Програмскиот совет на МРТ, за нејзиниот дополнителен ангажман во финалното уредување, систематизирање и техничко усогласување на документот, со што придонела тој да добие поквалитетна и поунифицирана завршна форма.
На крајот од своето излагање, претседателот нагласи дека улогата на Програмскиот совет не завршува со усвојувањето на Годишната програма. Напротив, во текот на 2027 година ќе биде важно да се обезбеди доследна примена на предвидениот систем за следење на нејзината реализација, со цел навремено согледување на постигнатите резултати и предизвиците во спроведувањето на програмските приоритети.

Претседателот изрази уверување дека со ваквиот пристап се создава добра основа за поквалитетна програмска понуда, поголема отчетност и понатамошен развој на Македонската радио телевизија како јавен медиумски сервис во интерес на сите граѓани.

Во рамките на истата точка од дневниот ред, пред да се пристапи кон разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, Програмскиот совет најнапред премина на разгледување на Финансискиот план за 2027 година, како нејзин составен дел.
Пред подеталното претставување на Финансискиот план, претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, изнесе неколку свои согледувања во однос на предложениот документ.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, најнапред оцени дека Финансискиот план за 2027 година претставува значителен квалитативен исчекор во споредба со претходните години, особено во поглед на неговата структура, методологијата на планирање, транспарентноста и деталното образложување на приходите и расходите.
Притоа, посочи дека, за разлика од досегашниот пристап, Финансискиот план содржи поконкретно дефинирани финансиски позиции, поврзани со сметководствената евиденција, што овозможува подобра прегледност, следење и контрола на трошењето на средствата.
Особено истакна дека Планот не се ограничува само на обезбедување средства за тековното работење, туку има и јасно изразена развојна компонента, насочена кон три значајни области: кадровско зајакнување, унапредување на програмската продукција и техничко-технолошка модернизација.
Во таа насока, наведе дека вкупните планирани приходи за 2027 година изнесуваат околу 1,68 милијарди денари, додека расходите се планирани на околу 1,58 милијарди денари, со дополнителни 101,6 милиони денари за инвестиции.

Во споредба со последниот ребаланс за 2026 година, посочи дека се предвидува зголемување на приходите за околу 8,5%, додека растот на тековните расходи изнесува околу 6%. Истовремено, инвестициите се зголемуваат за речиси 70%.

Претседателот позитивно го оцени и пристапот кон кадровското зајакнување, со планираните нови вработувања и унапредувања, како и постепеното намалување на зависноста од хонорарни ангажмани. Изрази уверување дека ваквиот пристап може да придонесе кон зајакнување на сопствените продукциски, технички и организациски капацитети на МРТ.

Во програмскиот дел, како особено значајно го истакна предвидувањето средства за реализација на нови меѓународни телевизиски формати, при што финансиската конструкција е конкретно разработена, со посебно утврдени средства за лиценци и надворешни продукциски трошоци.

Притоа, го нагласи значењето на предвиденото максимално користење на сопствените студиски, технички и кадровски капацитети на МРТ, оценувајќи дека тоа претставува рационален пристап кон реализацијата на овие програмски проекти.

Исто така, го поздрави повеќегодишниот пристап кон техничко-технолошките инвестиции, како и предвидените активности за развој на дигиталните услуги, вклучително и ОТТ платформата, кои се во согласност со определбата за постепена трансформација на МРТ во современ јавен медиумски сервис.

Воедно, посочи дека позитивната оценка за структурата и развојната ориентација на Финансискиот план не ја намалува важноста на прашањето за неговата реализација.

Во таа насока, нагласи дека особено важно ќе биде да се обезбеди навремено остварување на планираните приходи, одговорно управување со постојните финансиски обврски, како и внимателно следење на расходите, инвестициите и ликвидноста.

Претседателот оцени дека предвидениот систем на месечно финансиско следење претставува значаен напредок, при што посочи дека Програмскиот совет, во рамките на своите надлежности, треба редовно да биде информиран за реализацијата на финансиските средства поврзани со Годишната програма.

Во продолжение, истакна дека особено значајно е што финансиското планирање за 2027 година е поставено во функција на програмските приоритети и развојните потреби на јавниот сервис.

Според него, заедничка цел треба да биде финансиските средства да се преточат во конкретни резултати: поквалитетна програма, поголема сопствена продукција, подобри услови за работа, современа технологија и поголема достапност на програмските содржини до граѓаните.

На крајот од своето излагање, претседателот изрази благодарност до раководството на МРТ, Надзорниот одбор и сите вклучени во подготовката на Финансискиот план.

Притоа, оцени дека станува збор за сериозно подготвен и развојно ориентиран финансиски документ, кој создава добра основа за реализација на Годишната програма за 2027 година.

По завршувањето на своето излагање, претседателот ги покани претставниците на Надзорниот одбор и надлежните финансиски служби да го презентираат Финансискиот план, по што беше предвидено да се отвори дискусија.

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ, Слободен Новески, зеде збор и истакна дека Финансискиот план за 2027 година претставува добро структуриран и образложен документ, заснован на три клучни развојни приоритети: човечки ресурси, програмска продукција и техничко-технолошки развој.
Притоа, информираше дека на седницата на Надзорниот одбор биле детално разгледани и образложени планираните приходи, расходи и инвестиции за 2027 година. Воедно, посочи дека во наредниот период се очекува редовно презентирање на кварталните финансиски извештаи, со цел следење на финансиското работење и реализацијата на планираните активности.
На крајот, информираше дека Надзорниот одбор на МРТ, во согласност со своите законски надлежности едногласно дал согласност на Предлог-финансискиот план на МРТ за 2027 година, врз основа на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.

Во продолжение, збор зеде Сања Аризанов, која го презентираше и образложи Финансискиот план на МРТ за 2027 година.
На почетокот, Аризанов накратко се осврна на законскиот модел на финансирање, посочувајќи дека, согласно член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот, од кои 80% се распределуваат за МРТ, 15% за ЈП „Македонска радиодифузија“ и 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Во однос на приходната страна, информираше дека вкупните планирани приходи за 2027 година изнесуваат 1.682.276.930 денари, а се очекуваат од законски утврдените буџетски средства, вонсудската спогодба со Министерството за дигитална трансформација, наменски средства од Владата, наменски проекти со Министерството за дигитална трансформација, продажба на рекламно време, услуги во земјата и странство, закупнини и други приходи.
Понатаму, Аризанов се осврна на планираните расходи за 2027 година, во вкупен износ од 1.580.656.375 денари, кои опфаќаат трошоци за вработените, програмски права и формати, хонорарни соработници, материјали и енергија, услуги, амортизација, расходи од претходни години, финансиски расходи и останати трошоци од работењето.
Во делот на кадровското планирање, посебно ги истакна предвидените 63 нови вработувања на приоритетни работни места, со почеток од април 2027 година, како и 20 унапредувања на постојни вработени. Притоа, појасни дека, земајќи ги предвид и планираните 29 пензионирања, бројот на вработени се предвидува да се зголеми од 569 на 603 до крајот на 2027 година.

Беким Лачи, се јави за збор и постави прашање дали предвидените 63 нови вработувања ќе се реализираат преку јавен оглас за вработување.

Сања Аризанов појасни дека вработувањата ќе се спроведуваат преку јавен оглас, при што најголемиот дел ќе бидат насочени кон продукциските капацитети за производство на програма, додека околу 15–20% од новите вработувања ќе бидат предвидени за зајакнување на заедничките служби и функции на МРТ.

На дискусијата се надоврза членот на Програмскиот совет, Владимир Палашевски, кој постави прашање дали за планираните нови вработувања е добиена согласност од надлежните институции.

Сања Аризанов појасни дека веќе е добиена иницијална согласност, но дека по доставувањето на Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, чиј составен дел е Финансискиот план, до Собранието на РСМ, ќе биде поднесено и конкретно барање до надлежните институции за добивање на потребната официјална согласност за реализација на планираните вработувања.

Во продолжение, Аризанов се осврна на склучените договори за лиценци за пет меѓународни телевизиски формати: Idol, X Factor, Password, The Voice и The Voice Kids. Притоа, појасни дека плаќањето на лиценците е предвидено по сезони, при што првата сезона се однесува на 2026 година, а втората на 2027 година.
Таа информираше и за планираното обновување на „Скопски фестивал“, за чија реализација е предвидено 75% од средствата да се обезбедат како наменски средства од Владата, додека МРТ ќе учествува со преостанатите 25%. Воедно, се осврна и на учеството на МРТ на Евровизија 2027, за кое се предвидени 1.500.000 денари за трошоци поврзани со учеството, додека котизацијата е опфатена со договорот со ЕБУ, во рамките на програмските права.
Понатаму, Аризанов ги претстави планираните капитални инвестиции за 2027 година, во вкупен износ од 101.620.555 денари, наспроти 60.000.000 денари предвидени во Финансискиот план за 2026 година. Притоа, појасни дека дел од инвестициите ќе се финансираат од средства на МРТ, додека за развојот на ОТТ платформата се предвидени наменски средства од Владата. Инвестициите ќе се реализираат фазно, во период од три години, согласно реалните капацитети за набавка и имплементација.
Во делот на техничко-технолошките инвестиции, таа се осврна и на планираната набавка на нов интерком систем, поради застареноста на постојниот, санацијата на покривот и објектите, набавката на чилер за Радиото, како и унапредувањето на ИТ мрежата и сајбер-безбедноста. Притоа, посочи дека реализацијата на овие инвестиции е предвидена фазно, со продолжување на активностите и во 2028 и 2029 година.

Во однос на ликвидноста, Аризанов истакна дека според финансиските проекции се предвидува позитивна ликвидност во текот на сите 12 месеци од 2027 година, при што посочи дека и тековната ликвидност на МРТ е стабилна.
На крајот од презентацијата, Аризанов информираше дека реализацијата на Финансискиот план ќе се следи на месечно ниво, со квартално известување до Надзорниот одбор и Програмскиот совет на МРТ. Дополнително, предвидена е и можност за дигитално следење преку интерактивна контролна табла во Power BI, доколку тоа го овозможуваат постојните софтверски решенија.

Томислав Кежаровски, постави прашање дали МРТ и претходно го користела системот Power BI за следење на финансиското работење.

Сања Аризанов појасни дека МРТ располага со соодветен софтвер, но дека од 2019 година во него не биле внесувани податоци, ниту финансиските планови за изминатите години. Притоа, истакна дека со неговото користење би се овозможило во секој момент да се има увид во реализацијата на Финансискиот план, преку следење на финансиските податоци од Главната книга.

Томислав Кежаровски, постави прашање до претседателот на Надзорниот одбор на МРТ, Слободен Новески, во однос на временскиот период што членовите на Надзорниот одбор го имале на располагање за разгледување на Финансискиот план за 2027 година, како и во однос на постапувањето во претходната година.

Претседателот на Надзорниот одбор, Слободен Новески, појасни дека Финансискиот план за 2027 година бил доставен до членовите на Надзорниот одбор три дена пред одржувањето на седницата, во согласност со Деловникот за работа на Надзорниот одбор, кој предвидува доставување на материјалите најмалку три дена пред седницата. Притоа, оцени дека членовите имале соодветно време за разгледување на документот.
Во однос на претходната година, Новески посочи дека Финансискиот план бил доставен во многу краток рок пред одржувањето на седницата, што било предмет на дискусија меѓу членовите на Надзорниот одбор и, според неговото образложение, била една од причините поради кои согласноста на Финансискиот план не била дадена едногласно.

На дискусијата се надоврза претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, кој посочи дека при споредувањето на постапките од двете години е неопходно да се земат предвид различните законски, институционални и временски околности во кои тие се одвивале.
Притоа, потсети дека Надзорниот одбор бил избран кон средината на декември 2025 година, по завршувањето на локалните избори и изборниот период, во кој постоеле законски

ограничувања за одредени постапки за избор и именување. Поради ваквите околности, временскиот период за разгледување на Финансискиот план бил значително ограничен, имајќи предвид дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Собранието требало да го одобри Финансискиот план најдоцна до 31 декември 2025 година. Пашоски истакна дека во тогашните околности било особено важно навремено да се завршат предвидените постапки, со цел да се избегнат можни последици врз редовното финансирање и функционирање на МРТ, вклучително и ризици за навременото исполнување на финансиските обврски кон вработените.
Воедно, нагласи дека Програмскиот совет, во рамките на своите законски надлежности, треба да се раководи од принципите на законитост, транспарентност и отчетност, со посебен акцент на навременото и квалитетно исполнување на тековните обврски, унапредувањето на институционалните процедури и обезбедувањето услови за стабилно и успешно работење на МРТ.

Маја Седрак, се јави за збор и истакна дека Финансискиот план за 2027 година е транспарентно и детално разработен документ, кој содржи повеќе позитивни решенија. Сепак, укажа на одредени несовпаѓања во прикажаните износи и образложенијата на финансиските ставки поврзани со ОТТ платформата, за кои смета дека е потребно дополнително појаснување и усогласување.

Сања Аризанов појасни дека во процесот на подготовка на Финансискиот план за 2027 година биле изработени и усогласувани повеќе работни верзии, при што Секторот за финансиско работење веќе работи на завршна техничка и аритметичка проверка на финансиските податоци. Притоа, истакна дека се врши вкрстена проверка на износите и нивната меѓусебна усогласеност во различните делови од документот, со цел отстранување на евентуални технички и аритметички несовпаѓања, без промена на суштинските финансиски определби и планираните средства.

Беким Лачи, се јави за збор и постави прашање во врска со новото законско решение за трансформација на договорните ангажмани во редовен работен однос на неопределено време, односно дали со него е опфатена и МРТ и какви би биле неговите импликации врз статусот на хонорарните соработници.

Генералниот директор на МРТ, Зоран Ристоски, потврди дека МРТ е опфатена со законското решение. Притоа, посочи дека во МРТ има околу 150 хонорарни соработници и дека трансформацијата на нивните ангажмани не подразбира автоматско вработување на сите лица, туку е потребно претходно да се спроведе соодветна анализа и евалуација, земајќи ги предвид кадровските потреби, природата на работните задачи и исполнувањето на законските услови.

Воедно, се осврна на предвидената фазна реализација на трансформацијата, посочувајќи дека законското решение предвидува определена динамика за преминување на опфатените лица во редовен работен однос, во согласност со утврдените услови и рокови.

На крајот од расправата, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, истакна дека во изминатиот период членовите на Советот имале можност темелно да ја разгледаат и дискутираат Годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, а на оваа седница и нејзиниот финансиски дел.
Притоа, изрази уверување дека двата документа претставуваат солидна програмска и финансиска основа за работењето на јавниот радиодифузен сервис во наредната година, со јасна определба за негов понатамошен развој, модернизација, дигитална трансформација и унапредување на квалитетот и разновидноста на програмската понуда.
Имајќи предвид дека Надзорниот одбор на МРТ, во согласност со своите законски надлежности, дал согласност на Предлог-финансискиот план за 2027 година, како и дека Програмскиот совет ја спровел предвидената постапка за разгледување на Годишната програма, вклучително и разгледувањето на пристигнатите предлози и забелешки од јавната расправа, Пашоски предложи, доколку нема дополнителни забелешки, да се пристапи кон гласање за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2027 година, чиј составен дел е и Финансискиот план за 2027 година.

Претседателот ја стави Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2027 година на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Шеесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ во 16:55 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5854/4
29.10.2026г.

_____
Давор Пашоски